Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр.42-18/1
28.01.2012 година
Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Примено 31-01-2012
Орг. един. | Број | Прилог | Вр.
07 | 243 | 3

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 28.01.2012 година го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 1 став (4) а во врска со член 11, став (1) од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија" број 51/2011), поднесено од пратеникот Дарко Димитриески и притоа го утврди следново

## МИСЛЕЊЕ

Согласно со член 1, став (4) од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен надлежноста на Државната комисија да решава по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен од страна на министерствата, другите органи на државната управа, организации, утврдени со закон и други државни органи, се утврдува со посебните закони. Тоа значи дека Државната комисија ќе биде стварно надлежна да решава по жалби против решенија донесени во управна постапка и постапка од работен однос во прв степен само доколку со посебните закони е предвидена надлежноста на Државната комисија да одлучува по истите.

Меѓутоа во член 11, став 3 од Законот е пропишано дека законите со кои е утврдено правото на жалба пред комисиите на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен за одделни управни работи ќе се усогласат со одредбите од овој закон до денот на започнување со примена на овој закон, односно до 21 октомври 2011 година.

Исто така, во Законот за изменување на Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/2011), а со кој се укинати комисиите на Владата на Република Македонија надлежни да одлучуваат во управна постапка во втор степен за одделни управни области во членот 3 е пропишано дека законите со кои е утврдено правото на жалба пред комисиите на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен за одделни управни работи ќе се усогласат со одредбите на овој закон до денот на започнувањето со примената на овој закон, односно до 1 септември 2011 година кога истиот е влезен во сила.

Со оглед на фактот дека постојат посебни закони во кои е регулирано правото на жалба против решенија донесени во управна постапка во прв степен, а истите не се усогласени со член 11 став 3 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и член 3 од Законот за изменување на Законот за Владата на Република Македонија, односно не е пропишано дека по жалбите ќе постапува Државната комисија, а со цел да не им се ускрати законски загарантирано право на граѓаните, што би било спротивно на Уставот на Република Македонија, и овие предмети за кои со посебен закон не е пропишано дека се во надлежност на Државната комисија ќе се решаваат од страна на оваа комисија, затоа што причината поради која е основа на оваа комисија е токму да ги замени комисиите при Владата на Република Македонија, и да им овозможи на граѓаните поефикасно остварување на нивните права и правни интереси од страна на орган кој својата работа ќе ја заснова на принципите на стручност и професионалност.

Во членот 11 став 1 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, пропишува дека започнатите постапки и постапките кои ќе започнат пред комисиите на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен за одделени управни работи до започнувањето на примената на овој закон ќе се завршат од страна на комисиите во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Иако изрично во Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен не е уреден начинот на предавање на предметите во случај на недовршување на истите пред денот на отпочнување на примената на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, неспорно е дека легалитет на нивно понатамошно постапување ќе има само Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Ова и од фактот што со отпочнувањето на примената на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, а со тоа и со отпочнувањето на примената на одредбите од

материјалните закони кои беа предмет на усогласување со Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и чие отпочнување на примена е со отпочнувањето на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работено однос во втор степен, а со тоа и со отпочнувањето на примената од материјалните закони кои беа предмет на усогласување со Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и чие отпочнување на примена е условено со отпочнувањето на примената на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Според тоа, во правниот систем освен Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен второстепените комисии на Владата на Република Македонија немаат легалитет, ниту легитимитет да постапуваат.

Со оглед на фактот дека рокот за решавање на овие предмет е изминат, а второстепените комисии согласно со Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија се укинати, а со цел да не настане правна празнина и предметите да не останат нерешени, истите треба да бидат преземени и да бидат решени од страна на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, со оглед дека не постои друг соодветен орган кои истите би ги завршил, во спротивно започнатите постапки ќе останат незавршени.

Со оглед на наведеното, Владата смета дека Собранието на Република Македонија треба да даде автентично толкување на член 1 став 4 а во врска со член 11 став 1 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Никола Груевски**

Подготвил: Катерина Јаневска
Проверил: Љубица Р. Димовска
Контролирал: Митра Спасовска
Одобрил: Кирил Божиновски